РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 12-2941/2
29-12-2023 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 97-та седница одржана на 27.12.2023 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Пријавата заведена под број 12-2941/1 од 15.06.2023 година, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај.

Предметот со број 12-2941/1 од 15.06.2023 година да се затвори и архивира

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на познат подносител, на ден 15.06.2023 година, поднесена е пријава против со наводи против лица вработени во __________ ______ ______ ______ _ ______ ___ ______ и оформен е предмет број 12-2941/1 од 15.06.2023 година.

Во пријавата подносителот наведува за постоење на основи на сомнение за по едно сторено кривично дело ,,злоупотреба на службена положба и овластување од страна на вработени во наведените институции и по едно кривично дело ,,непријавување на кривично дело или сторител.

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека во пријавата, пријавените наводи не се корупција согласно дефиницијата утврдена во Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и станува збор за наводи кои не се предмет на нејзино надлежно постапување, поради што оцени дека нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај.

Имајќи го предвид погоре наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Доставено до:
- подносителот на пријавата

Изготвил:П.Б
Одобрил: Ш.С

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател**
**Софка Пејовска Дојчиновска**